СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**II ( ВТОРО ) ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ПЕТНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22. III. 1995 ГОДИНА**

1 Андов Стојан - 1, 5, 8, 58, 41, 56, 68, 73
2. Алиу Ештреф - 25, 32
3. Атанасов Ѓорѓи - 51
4. Вангелов Атанас - 43
5. Давчев Санде - 8
6. Ѓорѓиев Драган - 61
7. Жута Бекир - 49, 59, 72
8. Иванов Љубисав – 23
9. Јакимовски Александар – 36
10. Јанкуловски Живко – 29
11. Котевски Славко - 50
12. Коцевски Аце - 3, 58
13. Каров Илија – 33
14. Ковачевски Стојан – 40
47. Шапуриќ Зоран - 24
15. Лазарев Јован - 18, 20
16. Михајловски Бранирод – 50
17. Милошевски Дане - 42
18. Миљовски Јане - 10, 12, 18, 33, 39, 46, 52, 55, 57, 65.
19. Минов Панчо - 4, 68
20. Митевски Драган - 24
21. Николов Јован -11
22. Наумоски Ване - 58
23. Најдовски Слободан - 71
24. Пецов Мирко - 45,48
25. Паунов Тодосија -9,10,11
26. Ружин Нано - 28
27. Ристевски Митко - 62
28. Стојановски Пецо - 27,
29. Стојановски Томислав - 30,33
30, Стојановски Наќе - 62
31. Стефановски Благоја - 53, 56, 57
32. Стефковски Владимир - 48
33. Силјановски Благоја - 39
34. Стојковски Здравко - 52
35. Трипуновски Мирко - 22
36. Трајков Милчо - 13

Д.Р. Пратенички прашања
т.6, 23, 24

37. Трпески љубе - 31
38. Тантаров Вељо - 14,16,17.
39. Трајановска Николина - 34
40. Трајков Ристо - 71 41
41. Талимџиоски Петар - 48
42. Таири Мевљан - 67
43. Трпеноски Димитар - 69
44. Црвенковски Бранко - 20, 35, 38, 41
45. Чапов Славчо - 22
46. Ханџиски Благој -69
47. Шапуриќ Зоран - 24
48. Шундовски Јорго - 32, 37, 61, 64.

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 22 март 1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работата на Петнаесеттата седница

Пратеникот Иван Бојков ме извести дека поради оправдани причини, болест не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на РМ и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да минеме на 6-та точка, Ве молам, допуштете ми, во Ваше име на сите млади брачни парови и на нивните семејства да им го честитам празникот Младенци (аплауз).

Минувам е на **точката 6** - Предлог за донесуваше закон за изменување на Законот од добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и Мислењето на Владата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на добивка.

Кој е за, молам да крене рака?

36 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **<u>точка 23</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата.</u>

Предлогот за донесување на закон и извештаите на Работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата.
2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.
3. Овој заклучок заедно со извештаите на Работните тела да се достави до Владата на РМ, и Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој)

I/3.-

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 24** - Предлог за донесување на закон за просторно и урбанистичко планирање.

Предлогот за донесуваше на законот, извештаите на работните тела и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

Има збор пратеникот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Комисијата за градежништво и урбанизам на Собранието на РМ на својата седница одлучи да му предложи на Собранието да го поддржи донесувањето на овој закон, иако имаше доста забелешки за содржината на законот, сметавме дека овој законски проект вака како што е понуден, нуди парцијални решенија за регулирањето на оваа област која што е од доста големо значење, меѓутоа по разговорите што ги водевме со претставниците на предлагачот и посебно со министерот Шундовски, дојдовме до заедничко становиште дека фактички овој предлог на закон и нема намера да даде комплексно и сеопфатно решение на сите овие проблеми, туку треба да го сфатиме како едно преодно решенија, се додека во Република Македонија не се создадат услови за донесување на еден добар закон од оваа област со кој ќе биде практично без предметно постоењето на законите за употреба на градежно земјиште и на Законот за изградба на инвестициони објекти, така како што е тоа впрочем решено во многу држави на Западна Европа.

Од таа смила предлагам да биде поддржан овој предлог за донесување на законот, земајќи ги предвид сите забелешки што беа изнесен на седницата.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го делам мислењето дека има потреба и причина за донесуваше на овој закон. По однос на оваа потреба и причина се изјаснувам дека просторното и урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, на секаде, па и овдека има неодминлив државен однос со јавен карактер и во тоа и оправданоста за организирање на ова јавно претпријатие што се предлага во содржина- та,на Предлогот за донесување на закон.

Мислам дека дискутабилно е и треба да се дефинира кои се тие домени и нивоа на просторно и урбанистичко планирање, кои го имаат неодминливо државниот аспект. По мое убедување тоа е просторното планирање и донесувањето на основните планови на сите нивоа. Се она друго што детално уредување и детализација треба да се размислува да не се врзува за јавноста во донесувањето или да се изнајде некоја инстанца на верификација, комерцијално подготвување на детални урбанизации со една можност за верификација од страна на јавното претпријатие

Многу битна работа е, ако забележавте дека овде во изворите на финансирањето на просторното и урбанистичкото планирање се навлегува и се зафаќа, а тоа постои во извештаите на работните тела, во извори на финансирање кои досега се неприкосновени во рамките на општините како локална самоуправа, тоа е за доделување на градежно земјиште и за користење на градежно земјиште. Мислам дека како и досега од овие извори се финансираше урбанистичкото планирање, но фали во содржината на Предлогот за донесување на законот да се дефинира дека тие издвојувања за ниво на општината од надоместокот за доделување и за користење на градежното земјиштето ќе бидат за

изготвување на урбанистички планови во тие соодветни општини каде што се собираат тие средства. Инаку не би имало логика централизација на тие средства.

Во целите на урбанизацијата што се содржани во одредбите на Предлогот за донесување закон, мислам дека фали, а досега тоа е и еден од најголемите проблеми во досегашното оддолжување и големи проблеми има во расчистувањето по претходните прашања до урбанизацијата Тоа е следењето на имотната состојба при просторното и урбанистичкото планирање. Досега тоа беше најголемиот проблем на оддолжување или не ефикасно уредување на просторно или урбанистичко уредување на просторот.

Исто така, сакам, по однос на предлогот за донесување на овој закон да го покренам и прашањето, таму стои во делот на инспекцискиот надзор и органи дека постои Републички урбанистички инспектор и постојат инспектори по урбанизам. Мислам дека таа формулација е добра за евентуалното пренесување на урбанистичките понатаму и на градежните инспекции во општините. Имено, пренесувањето на надлежностите од државното министерство на општините, затоа што нема логика да имаш надлежност да донесуваш урбанистички план, а инспекцијата да ти е надвор од општината. Истото важи и за градежната инспекција.

Исто така мислам дека проблематиката што е актуелна по општините, има простор и службите за регулација да најдат место во содржината на овој закон кога ќе дојде како Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/6.-

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за просторно и урбанистичко планирање.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, во расправата на Собранието и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките и предлозите содржани во стенографските белешки од денешната седница и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали е некој воздржан? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 27** - Предлог на програма за изготвување и и донесување на просторен план на Република Македонија.

Предлогот на Програмата, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на програмата.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на преамбулата на текстот на Програмата со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Текстот на Предлогот на програмата

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Програмата.

Предлогот на Програма$а го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за подготвување и донесување на просторен план на Република Македонија.

Пред да минеме на пратенички прашања предлагам пауза од половина саат и за тоа време да се обезбеди присуство на надлежните министри на Владата з а да можат да одговараат на прашањата.

Ќе продолжиме некаде во 12,00 часот.

(Седницата прекина .во 11,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Томислав Стојановски Владимир Соколовски, Пецо Стојановски, Панчо Минов, Горѓи Атанасов, Газменд Ајдарага, Тито Петковски, Тодосија Паунов, Љупчо Поповски, Владимир Станковски, Јован Николов, Вељо Тантаров, Живко Јанкуловски, Драган Митевски, Милчо Трајков, Петар Талимџиоски, Симон Наумовски, Ристо Николовски и Петар Талимџиоски, Димче Настовски, Мевљан Таири, Зекир Кадриу, Руфи Османи, Абдурауф Пруси, Хисни Шакири, Игнатие Богдановски, Димитар Трпеновски, Здравко Цветковски, Благоја Стефанов ски, Димитрије Поповски, Назми Маличи и Благој Стојковски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања? (Немаат)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор господин Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, имам три прашања, две до министерот за сообраќај и врски, едно до министерот за правда.

Првото прашање е зошто сите возови што сообраќаат на релацијата Скопје - Титов Велес –Штип - Кочани се укинуваат и тоа во деновите понеделник, вторник, среда и сабота? Овие возови сообраќаа двапати дневно, сега се укинуваат во овие денови, а во четврток и недела останува само еднаш. Тоа е едното прашање.

II/2.-

Второто прашање, при правење на патот Штип - Скопје е направена една голема грешка, тоа е селото Три чешми, беше изоставено со приклучок до него. Од ова село исто така се поврзуваат доста села, се ветуваше доста време дека овој недостиг ќе се исправи, бидејќи првата раскрсница од селото е од 3,5 километри. По закон до 2 километри мора да има раскрсници или приклучоци во селото. Би го молел Министерството, кога планира овие приклучоци до овие села да ги реализира.

Трето прашање до Министерството за правда, зошто Обвинителството не покренува кривични пријави против сите сопственици кои своите фирми намерно ги доведоа до стечај, со цел да не ги платат обврските што ги имаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено да се одговори на овие прашања.

Има збор г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа , сакам да поставам прашање, бидејќи измина доста време, корисниците на Буџетот на Републиката зошто до сега за нив не е донесен Законот за плати? Го поставувам ова прашање и барам да се донесе закон за плати, да се утврдат критериумите по кои критериуми корисниците на Буџетот ќе ги користат средствата. Имаме многу различности во користење на средства, како што се затекло 199 0 година од тогаш наваму немаме промени, само со процент! се исплатуваат плати на државните службеници, на јавните службеници и другите корисници на Буџетот. Барам да се донесе закон за плати на корисниците на Буџетот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Миљовски, министер за финансии.

II/3.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Прашањето е поставено така што човек ако се обиде директно да го одговори, не ќе може затоа што закон за плати има. Закон за плати постои. Најновата иновација ја донесовме со регулација на висината на платите, особено за буџетските корисници.

Меѓутоа, веројатно пратеникот предлага дека треба тоа на поинаков начин да се регулира отколку што е сега. Значи работата не е нерегулирана. Има место да се размислува за поинаков начин на регулирање на платите. Меѓутоа, тоа е еден процес што треба да се испитаат сите позитивни и негативни страни на еден или евентуално некој друг предлог. Така што не се работи за волја. Волјата постои да се оди секогаш кон подобри решенија. Јас можам само да ве известам дека кај мене, во Министерството е даден налог какви ефекти би имале со евентуално некои други познати принципи. Значи, не е налог да се прави нов закон, тоа не е наша област, тоа е областа на труд и социјала. Меѓутоа, системите различни на плаќање нас не интересираат не интересираат како политика, нас не интересираат по нивните финансиски ефекти, по можноста за контролирање. Во тој домен ние имаме некакви први обиди да се согледа ситуацијата и алтернативните можности. Меѓутоа, ова е од доменот на министерот за труд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е одговорот.

Господинот Паунов очигледно сака да каже дали е задоволен или има дополнително прашање.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јас не сакав да објаснувам од кои причини го барам одговорот.

Во едно училиште во Кочани има 4.500 чистачката, во другото има 6.500, за иста работа. По утврдените критериуми 1990 година и со

процент им се додаваат средствата. Во истите училишта, различно е плаќањето на наставниците, различно е плаќањето на професорите и на другите од школото. Затечена систематизација, затечени средства, 1990 година па од тогаш само со процент се зголемува, а не се утврдуваат некои критериуми ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, немаме расправа по тоа. Не си задоволен од прашањето и инсистираш на поопшитен писмен одговор.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Не сум задоволен и барам писмено,а во колку не, нека биде и информација, нека се изготви информација, да се подигне на информација, заради тоа да има некоја правичност од користењето на Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме ние овде, кога некои прашања се поставуваат од контекстот во кој се поставуваат треба да се извлече заклучокот што е прашањето, инаку ќе влеземе во расправа, а не смееме да влегуваме во расправа по такви прашања.

Инаку, господинот Паунов веќе при првото излегување кога се јави рече дека законот е наследен од пред 1990 година. Овие дополни и измени што ги правиме се тековни итн. Значи, се интересира за некој друг систем дали ќе има. Да не отвораме расправа, тоа е основно овде. Само прашања и одговори.

Има збор г-динот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Едно прашање до министерот за труд и социјална политика, гледам не е тука, сигурно писмено ќе ми одговори.

II/5.-

Прашањето се однесува во врска со исплатата на средствата на здравствените организации за лекување на социјалните случаи, со таканаречените"плави картони". Здравствените организации се должни да ги лечат, а за тоа не примаат никакви средства за овие случаи.

Второто прашање е до Министерот за финансии,кога и со која динамика ќе се исплаќаат услугите што ги вршат здравствените организации по програмите за здравствена заштита, за превентивна здравствена заштита што е обврска на Буџетот?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Миљовски, министер за финансии

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Обврските кон здравствените организации се исплаќаат со еднакво темпо како и кон сите други корисници на Буџетот. А, темпото со кое што се вршат овие исплати фактички зависи од темпото на приливот на средства во Буџетот.

Можам да ви кажам дека темпото на приливот во Буџетот е различно за секое тромесечје. Познато е дека првото тромесечје е најслабо во прилив на средства. Оттука, согласно со приливот, ние ги исплаќаме обврските. Кога приливот ќе биде поголем, темпото на исплаќањето ќе биде поголемо, меѓутоа горе-долу гледаме да ги следиме сите корисници на Буџетот со еднакво исполнување. Значи, да не донесеме ниту еден буџетски корисник во нерамноправна положба. Гледаме горе-долу тоа да биде запазено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Другото прашање писмено ќе се одговори.

Има збор г-дин Трајков.

II/6.-

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, господа министри, имам две прашања.

Првото прашање е до Министерството за образование и физичка култура. Кој управува и стопанисува со објектите изградени од самопридонес на граѓаните? Конкретно кој управува и стопанисува со Спортската сала "25 Мај" и училиштето "Блаже Конески" во Титов Велес, изградени со самопридонес на граѓаните на Титов Велес?

Според писменото толкување што го има дадено Министерството на Собранието на Титов Велес на 23-.XII.1992 година стои дека, цитирам

"Согласно постојната законска регулатива управувањето со објектите за физичка култура може да го вршат организациите за физичка култура, субјектите што ги изградиле или стекнале по друг основ или друга организација или заедница на кои објектите за физичка култура според својата основна намена им се дадени на управување'.'

На која друга организација и заедница се мисли и каде е тука местото на Собранието на Титов Велес што ги штити интересите на граѓаните на Титов Велес? Каде е тука местото на граѓаните со чиј интерес и чии средства се изградени објектите, а истите не можат да одлучуваат за нивното користење и намена?

Второ прашање до Министерството за здравство, министерот не е тука, може и писмено одговор, зошто Фондот за здравствено осигурување при Министерството за здравство нема еднаков третман при исплатата на средствата према јавното здравство и приватните ординации што имаат договор со Фондот?

Наназад година дена исплатата доцни по месец и повеќе по исплатата на јавното здравство. Конкретно исплатата за месец јануари на приватните организации беше извршена на 21 март, десетина дена од кога беше исплатена првата половина на платата на јавното здравство за месец февруари. Согласно член 124 од Законот за здравствена

заштита Фондот има исти обврски кон јавното здравство и кон приватните ординации. Дали овој однос на Фондот значи и однос на Министерството за здравство кон приватните ординации и приватизација во здравството и дали тоа значи поддршка на одредени ставови кај поедини луѓе во Фондот кои во приватното здравство гледаат институт за несовесно, противзаконско и аналфабетско работење?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е надлежен за салата?

Ќе се најде кој, па писмено ќе се одговори.

Другото прашање на пратеникот Трајков, тој побара писмено да се достави, но еве сега сме во ситуација и за првото писмено да се одговори.

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе поставам неколку прашања.

Прво, едно прашање, директно до претседателот на нашата Влада.

Биљаник е мало битолско село и беше добро додека не се изгради РЕК Битола. По изградбата на овој гигант на македонското електростопанство животот во ова село веќе умира, селото не е за живеење, плачот на Биљаничани, на жителите од ова село 5 години е поставен до скоро сите влади, меѓутоа, од тогаш до сега има само одговори, а нема официјално никаков одговор, проект, како ќе се реши проблемот.

1992 година, јас ќе морам некои работи да прочитам, да потсетам што има со Владата донесено заклучоци.

Министерството за стопанство формира една група од стручни лица, експерти на поедини области сврзани со проблемот на Биљаник од Градежниот факултет, Градежниот институт, ИЗИС Републички

хидрометеоролошки завод, Републички завод за природни реткости и Републичкиот завод за здравствена заштита. 1993 година повторно е формирана една ваква Комисија и оваа Комисија на Владата на РМ во текот на 19 93 година достави свои заклучоци, во кои, меѓу другото се вели:

"Според постојната законска регулатива локацијата на село Биљаник се наоѓа во прва санитарна заштитна зона во која не е дозволено лоцирање на населбата.

2. Степенот на оштетување на објектите е таков што објектите не можат да се сметаат задоволно сигурни. За обезбедување на непречено и безбедно користење и функционирање на оштетените објекти треба да се изврши санација и зајакнување на истите.

3. Сите состојби за квалитетот на воздухот во постојните метеоролошки и топографски услови на локалитетот на село Биљаник како и карактерот и динамиката на работата на ТЕ Битола евидентно е дека селото Биљаник е изложено на директно влијание на емисијата од загадувачки материјали."

Ланската година, во текот на април Владата на РМ ги гледаше овие заклучоци на Комисијата и донесе нови заклучоци, во кои, меѓу другото се вели:

"1. Се усвојува Извештајот во врска со актуелната состојба на селото Биљаник -Битолско на постојната локација, изготвена врз основа на истражувањата на ИЗИС, со работници од повеќе врвни институциии во Републиката за поедини акти сврзани со предметното прашање.

2. Електростопанство на Македонија до крајот на месец март 1994 година да изготви програма за дислокација на селото Биљаник- Битолско и до крајот на 1994 година таа програма да се реализира".

Меѓутоа, до сега прашањето со Биљаник останува и натаму отворено. ВО ова село реков дека повеќе нема живот и сметам дека денеска Владата треба да каже кога и на кој начин ќе го дислоцира ова село.

Второ прашање, Владата на нашава Република пред месец ипол дена донесе свои заклучоци во врска со решавање на проблемот со фабриката за шеќер и шеќерна репа од Битола. Во овие заклучоци, меѓу другото беше речено дека шеќерната репа ќе има гарантирана цена, дека за шеќерот ќе се воведат плевелмани. Меѓутоа, овие заклучоци се уште не се ставени во соодветна одлука. Имаме сознание дека во државата секој ден доаѓаат огромни количини шеќер а Битолскиот шеќер стои непродаден, репата за 1994 година се уште не е платена. Прашувам, кога официјално ќе биде решен овој проблем.

Трето, пролетната сеидба во нашава држава почна, Владата се уште нема кажано кои културни годинава ќе бидат на листата на култури за кои што ќе се гарантира откуп и откупна цена. А, се знае, според најавата дека во тие производи ќе биде и јагнето. Јагнето се откупува, меѓутоа се уште нема своја заштитна цена.

И уште едно прашање, сите знаете дека минатата година Битола настрада од земјотресот. Нашата Влада најави дека брзо, во текот на оваа година ќе донесе закон за санација на штетите од оваа непогода. Меѓутоа, до сега нема донесено таков закон. Прашувам, кога ќе се донесе закон за санација на штетите од земјотресот во битолска општина.

И, едно прашање директно за претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, такви нема, не се предвидени.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Добро, прашувам зошто е повлечен Извештајот за извршување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионална патна мрежа во 19 94 година. Сметам дека оваа програма мора брзо да се донесе

II/10.-

Добро, добро, не сме во расправа по програмата и по Извештајот и не можете да го прашувате претседателот. Такви прашања не се поставуваат.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Некој треба да каже зошто е повлечена програмата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, ослободете ја говорницата, штом немате други прашања.

Господине Тантаров, писмено ќе добиете одговори на прашањата, еве, изјавува претседателот на Владата за тоа.

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, за Биљаник бараме одговор денеска на прашањето. Биљаник повеќе не може да чека, односно со Биљаник повеќе никој не може да си игра. Биљаник ноќе не спие. Биљаничани дежураат ноќе од страв кога оваа депонија ќе се сруши над нивното село и ова село повеќе да не постои на картата наша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Тантаров, Владата е на став дека писмено ќе од- говори и на тоа прашање.

**ЈОВАН ЈХАЗАРЕВ:**

Имам три прашања, првото е за министерот за финансии за наплата на струја, вода, телефон, станарина и тн. со задоцнување граѓаните плаќаат камати, бидејќи тоа се јавни претпријатија, значи државни претпријатија излегува дека државата им наплатува на граѓаните камата. Меѓутоа, спротивно на тоа пензиите, социјални помошти, да не зборуваме за плати, тоа не е во наша надлежност,доцнат. Прашањето е дали државата може да биде потолерантна и рокот за бескаматна наплата да го усогласи со рокот на исплата на пензии и социјални помошти. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е за премиерот, зошто фришоповите и казината немаат статус каков што имаат истите во западно - европските земји? Зошто го поставувам прашањето? Со затворањето на фришоповите и со несоодветниот статус на оние што работат, државата губи значителен девизен прилив кој што во овој момент е многу потребен.

Третото прашање е до Влада, мислам дека Министерството за стопанство има донесено одлука, дали Владата ја има повлечено одлуката за работа,-на работно време на угостителските објекти и ако ја нема повлечено, зошто истата не се почитува.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Наплатата на давачките за струја, станарина итн. се вршат од претпријатијата кои што стопанисуваат со тој фонд, а не ги врши државата. Врската меѓу државата и овие претпријатија постои, меѓутоа

таа е посредна. Со самото тоа што се наречени претпријатија очигледна била намерата на законодавецот нив да ги стави во режим на соодност меѓу трошоците и расходите, што значи тие мораат да остварат вишок на приходи над трошоците. Затоа и се формирани како претпријатија, инаку би биле државни установи. Со тоа што законодавецот им наметнува позитивно работење за тие да го осигураат, претпоставувам дека воведуваат и камати итн. Пензискиот фонд не е формиран како претпријатие иако стои обврската дека треба обврските на пензискиот фонд што побрзо и што понавреме да се исплатуваат независно како е тој формиран, со кој закон е формиран обврската да навреме се плаќаат постои. Меѓутоа, прво тоа прашаше веројатно би било подобро адресирано до самиот фонд, меѓутоа ќе се обидам јас да одговорам колку што знам за оваа материја е следното. И колку да сака- ме на време да платиме, тие плаќања можат само да уследат откога ќе пристигнат пари од другата страна и во фондот и во буџетот. Оттука желбите за точно плаќање зависат од тоа какви се приходите. Ако се приходите нередовни, нередовно станува плаќањето. Она што ние сега го имаме е следниот проблем, што имаме поголеми расходи во тие фондови отколку што имаме приходи, така што буџетот интервенира за да може на време да се исплатат пензиите. Реформата на целиот тој систем веројатно ќе оди и во правец на разигрување на давање на повеќе можности за социјално, здравствено итн. осигурување, а вас ви е веќе познато и со стабилизационата политика и со мерките предвидени со програмата што треба да ја потпишеме со меѓународните финансиски институции предвидено е усогласување на приходите со расходите не- каде кон половината на оваа година. Ако тоа го постигнеме тогаш, тогаш барем од тој момент натаму нема да имаме доцнење во дотогашниот ниво. Тоа значи би имале редовна исплата на пензиите, т.е. нема да имаме зголемување на доцнењето на пензиите. Тоа е одговорот на вашето прашање.

III/3.-

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Не сум задоволен од одговорот на ова прашање, од објаснувањето на министерот, бидејќи и со пошта или со електростопанство управуваат управни одбори кои што се именувани од Владата. Така што Владата има можност преку тие управни одбори директно да влијае

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не навлегувај во расправа. Дали имате додатно прашаше во врска со тоа што не сте задоволни. Само тоа може.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Тоа го кажав, но имам уште други две прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За другите прашања уште не се обиделе да одговорат.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Второто прашање беше директно упатено до мене како на претседател на Влада, иако е пологично да биде упатено да речеме до Министерството за финансии, меѓутоа еве, ќе одговорам на тоа прашање.

Прво, би сакал да кажам дека постои контрадикторност помеѓу прашањето и аргументацијата што беше приложена кон прашањето. Прашањето беше зошто фришоповите не се организираат по принципот на западно - европските држави, а потоа беше дадено образложение дека со неработењето на фришоповите кои што сега во еден одреден период беа затворени, се откажуваме од еден приход што можеме да го оствариме, што прејудицира дека фришоповите такви какви што порано постоеле, до скоро постоеја во Република Македонија, постојат во западно - европските држави, што инаку не е точно. Фришопови од оној

тип каков што постоеја во еден период на границите на Република Македонија, во Западна Европа скоро никаде, или јас барем не сум слушнал дека во некоја држава постојат. Таму јасно се знае под кои услови, обично тоа е на аеродромите итн., поготово меѓу границите на членките на Европска Унија фришопови нема, што е разбирливо. Има и различен концепт, тоа е концептот да речеме на Турција од прилика сличен на овој нашиот, а тоа е постоење на повеќе фришопови по принцип на концесии итн., меѓутоа, тоа едно со друго не оди заедно.

Министерството за финансии веќе има подготвено еден концепт за слободните црински продавници, или таканаречените фришопови кој што наскоро ќе се најде пред Влада. Интенцијата сега какви ќе бидат крајните решенија не можам да кажам, меѓутоа интенцијата ќе биде следна. Доколку постојат, тогаш да биде целокупната нивна работа прво, начинот на доделување на управувачко право со фришоповите да биде крајно транспарентно, значи ќе биде или на принцип на концесија ако се на јавно наддавање итн., дури постои солуција како што постои во некои држави да со фришоповите раководи јавно претпријатие. Меѓутоа, да не го прејудицираме крајното решение, Министерството за финансии има еден концепт понудено и тој наскоро ќе се најде на Владата.

Што се однесува до прашањето за казаината инт. тие во овој период целата таа област се регулира врз основа на постоечките стари закони наследени од претходната држава и ние ја воочивме потребата од нова регулатива во таа област. Налогот е веќе даден и Министерството за финансии веќе пристапува кон изработка на нов закон воопшто и за игрите на среќа, целата таа област. Значи, нема да биде само за казина, туку за целата таа област, тој закон ќе дојде наскоро пред Собранието и вие ќе можете по него да се изјасните и да ги давате сугестиите итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На уште едно прашање не е одговорено. На тоа прашање писмено ќе се одговори, бидејќи не е тука шефот на ресорот.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитувани пратеници, имам три кратки прашања п,о кои ќе молам, или ресорното министерство и Владата да ми одговорат писмено

До каде е законот за приватизација на земјоделските комбинати, т.е. посебно за винарските визби, за ладилниците, лозовите насади, објектите и тн. Тоа е едното прашање.

Второто прашање, барам по писмен пат да ми се одговори, начинот и организација и финансирање на физичката култура откога отпадна Друштвото "Софка" за повратните средства во општините. За ова сакам по писмен пат да ми се образложи.

Трето прашање, молам Министерството за образование да ми одговори дали наставниците во ридско - планинските села се посебно наградувани, или има предвидено некој посебен надомест,за истите.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас имам две прашања. За првото прашање морам да дадам една поширока аргументација.

Во Уставот во член 56 став 1 стои дека сите природни богатства на Републиката, растителниот, животинскиот свет и н. дека се од општ интерес на Републиката и уживаат посебна заштита. Меѓутоа, од општината од каде што доаѓам јас - Тетово, се случува нешто друго. Еден дел од земјоделските задруги, земјоделските стопанства, па и земјоделските комбинати на мала врата без постоење на закон за нивна трансформација вложуваат кај банките под хипотека  со заверување во

општинските судови дел од земјоделско обработливо земјиште со кое управуваат, а и тоа е со закон определено, како пот вода за добиен кредит и други благосостојби. Но, соочени со неможноста да ги вратат овие хипотекарни залози во договорениот рок, банките таквиот имот го ставаат на јавна лицитација и продажба на истиот. Моето прашање е, дали постои уставна и законска основа за ваквото дејствие. Очекувам дека ќе ми одговори министерот за правда

Второто прашање е упатено до министерот за стопанство. Кои институции во сегашниот систем на Република Македонија ја спроведуваат туристичката политика, ако Министерството за стопанство ја донесува.

Второ, кој ја координира националната општа корисничка и информативна пропаганда на сите учесници во туризмот заради соодветно хармонизирање на туристичката услуга.

Трето, кои се и какви функционалните надлежности и статусот на Туристичкиот сојуз на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе ви се одговори.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Прво, прашањето го упатувам до Владата на Република Македонија.

Второ, да ми се одговори писмено, а прашањето е објектот Дискотека "Парк" за кој доста успешно и организирано пишуваше во печатот е затворен за 90 дена под многу сомнителни и незаконити основи. И ја молам Владата да ми одговори што ќе преземе да се спречат вакви незаконити дејствија?

III/7.-

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Во името на пратениците од Куманово Персида Малинска, Драгољуб Поповиќ, Стојковски Благоја, Богдановски Слободан, Ацо Ивановски, Бранко Арсовски и од свое име во писмена форма барам одговор од Министерството за стопанство, а по повод воведениот активен стечај во Комбинатот "Чик" - Куманово од мај 1993 година при што при донесување на одлуката за активен стечај беше договорено дека на работа ќе бидат вратени 2.200 работници, а досега се вратени на работа 1.360 работници. Бараме да се одговори на следните прашања: До кога ќе трае таканаречениот активен стечај во "Чик" - Куманово.

Второ прашање, која е динамиката на вработување на ветениот број на работниците и зошто не се вработени ветените 2.200 работници?

Трето прашање, по завршување на активниот стечај кој по истек на две години се очекува да заврши во месец мај о.г., што се планира со "Чик" - Куманово.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас имам две прашања до министерот за култура и едно прашање до министерот за урбанизам.

Првото прашање е за министерот за култура, се однесува во врска со Македонскиот народен театар, односно до каде е процесот на реорганизација и трансформација, што би се рекло и решавање на статусот на МНТ, а посебно во рамките на него на операта и балетот. Познато е дека во јавноста доста време овој проблем ескалира, па затоа го поставувам ова прашање.

Второто прашање е до министерот за култура, во чија сопственост, односно дали постои некој сопственик и дали постои доказ за тоа е киното во с. Драчево.

III/48-

Третото прашање е до министерот за урбанизам, дали Министерството за урбанизам предвидува изготвување на прописи со кои ќе се овозможи изградба на поткровјата, односно издигање на рамните згради на косите поткровља, односно дали предвидува изготвување на нови прописи, бидејќи знаеме дека постоеја едни прописи кои Уставниот суд ги укина повеќе би се рекло од формална природа, а не од некоја суштинска природа. Сметам дека одговарањето на ова прашање би го решило проблемот на изградба. Имам податок дека само во Скопје со тоа би се изградиле некаде околу 10 илјади станбени единици, а со тоа би се решиле и правата на оваа заедничка сопственост на крововите која што нема кој сега да ја одржува.

**ЕШТРЕФ АЛИЈУ:**

Дами и господа пратеници, сопственоста на киното во село Драчево се уште не сум успеал да стигнам до Драчево, не знам едноставно. Одговорот ќе биде писмено даден.

Околу прашањето прво, трансформацијата на МНТ веројатно почитуваниот пратеник нешто е запознат дека таму предизвикан е реаино еден интерес за нова поставеност внатрешна нивна. Ставот на Министерството, т.е. на Владата на Република Македонија во моментот до усвојување на новиот закон е да нема промени, особено промени кои доаѓаат до директна спротивност со застарените законски решенија што ги нудат се уште актите кои се валидни.

Операта и балетот по наши напори заеднички оваа година барем од финансиски аспект имаат малку подобрена позиција. Реков намерно малку, бидејќи вистински мислиме дека е тоа далеку од таа позиција која треба да ја има. Но, впрочем културата во целост ниту од блиску ја нема позицијата која треба да ја има во нашата држава. Во бројки би рекол нешто над 80% позицијата е подобрена, за

разлика од 19 9 4 година и тоа само во операта и балетот. Во другите институции на културата процентот е далеку помал. Ако сите работиме добро и ако имаме малку повеќе среќа, веројатно при поповолни услови кога ќе почнеме навистина да станеме богати и за културата ќе има повеќе средства.

IV/1.- НД/ЉР

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:_**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да поставам две прашања.

Топилницата за олово и цинк во Титов Велес е изградена на основа на суровинскиот потенцијал на споменатите метали во Македонија. Во 1973 година заврши изградбата на овој објект и за прв пат македонската суровина почна металургиски да се третира на нашето тло. Со тоа започна од пред повеќе 2 0 години соработка меѓу рудниците Злетово, Саса и Топилницата. Овој суровински материјал претставуваше 100% од потребите на Топилницата од оловна суровина и 50 до 60% од потребите на цинкова суровина. Таквата соработка течеше до почетокот на 1994 година кога рудникот "Злетово" како и подоцна изградениот рудник Тораница ја откажаа соработката со Топилницата во Титов Велес и покрај оловниот концентрат кој беше во Топилницата и започнаа да го извезуваат својот цинкот концентрат во соседна Бугарија. Со ова Топилницата остана без 20-тина илјади тони цинков концентрат и за толку во текот на минатата година Топилницата мораше да го зголеми увозот во вредност од околу 6 милиони долари. Ако концентратот не беше извезен, а преработен во Топилницата, а добиените метали извезени тогаш во РМ ќе останеа над 6 милиони долари.

Ние ја прифаќаме вистината дека договорната економија е зад нас, дека во пазарното стопанство секој субјект мора да се најде себеси и не постои никаква принуда освен економската. Топилницата понуди исти услови за преработка на цинков концентрат од Злетово и Тораница, како оние што ги добивавме од Бугарија. Во извесни делови во 1994 година дури и подобри.

IV/2.-

Прашањето се однесува: од сите овие причини дали Владата мисли да донесе одлука за забрана на извоз односно контингентирање за извозот на цинковите концентрати тарифен број 26-08- 000 односно тарифен број 26-08-002.

Второто прашање: во "Службен весник на РМ" број 83/93 година е објавен список на стоките со форми на извозот и увозот, со тарифен број 31-02-азотни ѓубрива, минерални или хемиски, за сите врсти на азотни ѓубрива предвидена е форма на увоз, извозот е од Б.

Сите азотни ѓубрива за потребите на македонскиот пазар може да ги произведе хемискатa индустрија во Т. Велес дури нејзиниот капацитет е многу поголем и одредена количина на вештачки ѓубрива она извезува скоро во сите балкански земји. Од оваа причина нема потреба од увоз на азотни ѓубрива за Република Македонија Прашањето е заради ова дали Владата на РМ мисли да донесе одлука за ставање контингент за увоз на азотни ѓубрива по тарифен број 31-02. за сите врсти на азотни ѓубрива.

Може и писмено да се одговори.

**НАНО РУЖИН:**

Г-дине претседателе, г-дине премиере, почитувани дами и господо моето прашање е насочено пред се кон министерот за земјоделие, можеби министерот за финансии, како и до целата Влада, а се однесува на состојбите во комбинатот Анска Река во Валандово.

Имено, со оглед на разни политички комбинации во времето овој комбинат кој што инаку е од стратешко значење за Валандово, над 65 до 70% од вработените во оваа општина работат таму, се наоѓа во една многу тешка состојба. Со оглед дека целата  општина практично, во

Валандово велат е во стечај заради таквата состојба, сметам дека прашањето би требало да биде мошне актуелно и прашувам дали е можно за овој комбинат да се превземе нешто со оглед на тоа дека за сега се е стопирано во поглед на неговата активност и дали може да се одговори во одредени термини што би се превземало конкретно и дали може да има некој посебен статус во однос на решавањето на неговата судбина, со оглед дека е од посебен интерес за општината, а од друга страна постојат меѓу 25-те загубари фирми кои што немаат таков статус и такво значење за општината.

Јас претпочитам одговорот да биде писмен.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да поставам две прашања, до министерството за стопанство и до Министерството за земјоделие.

Прво прашање колкавки количини на пченица се увезени од соседна Србија оваа година и уште колку е планирано да се увезе.

Истите под кои услови се увезуваат.

Второ, бидејќи се уште дооткупена пченицата од минатата година, а се увезуваат нови количини, дали тоа значи дека надлежното министерство нема доволно контрола над увозот на пченица и дали се навестува несигурност на откупот на домашното производство за оваа теколта. Впрочем житомелничарите веќе јавно го најавуваат.

Може веднаш да ми се одговори ако е во состојба министерот, или писмено.

IV/4.-

Г-дине Јанкуловски Вашата опција може и вака и така, речено е писмено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Г-дине претседателе, г-дине премиере, г-пода министри и драги колеги, до министерот Љубе Трпески.

Може да добиеме кратка информација до каде се стигнати и кои се резултатите од преговорите со Светската банка; ММФ, и другите меѓународни финансиски институции, дотолку повеќе што имаме многу закони кои што тука ги донесувавме и кои што беа поврзани или условувани со овие разговори и преговори. Сметам дека ова е едно покомплексно прашање и ќе биде добро ако биде одговорот во писмена форма.

Другите се пократки прашања и ќе може да се даде одговор денеска.

До министерот за правда што суштински значи различното толкување за употребата на јазиците на националностите во локалната самоуправа во контекст на дивоизградените кабини за симултан превод во Општинското собрание во Тетово и претставката од група граѓани од Тетово до ова Министерство.

До истото Министерство, до каде е Законот за територијалната поделба претпочитајќи дека Законот за локална самоурпава не ќе може да биде донесен успешно и ефикасно без овој закон.

До министерот за градежништво и урбанизам - дали е обезбедена комплетната документација за изградба на Исламски факултет во с. Кондово Скопско.

Истото прашање до министерот за култура Ештреф Алиу- во кое својство беше неговото присуство на поставувањето камен- темелник на

овој објект. Дали како граѓанин, или како министер и член на Влада.

Трето прашаше до министерот за стопанство, во писмена форма - дали се размислува во смисла на спречување на нелегалната трговија и шверцот со цигари за можноста за обавезно воведување на марктички или маркирање на цигарите кои што одат во малопродажба како што е секаде во светот со исклучок на Македонија или колку јас сум информиран уште една или две земји.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Иако пратеникот бараше писмен одговор и писмено ќе се одговори, но може накратко и усно сега да ве информирам до каде се стигнати работите.

Преговорите за склучување на стенбај аранжманот одат добро, дури подобро отколку што ние се надевавме. Она што е договорено со мисијата на ММФ е поминато под разни подкомитети во рамките на ММФ и за да биде документот ставен на Бордо треба уште една работа да се случи, а тоа е да добиеме покана од Парискиот клуб за преговори за разрешување на проблемот со долгот со Парискиот Клуб.

Со активностите што со Законот за банките ние ги направивме овде нашиот дел од условите го исполнивме така да во текот на април очекуваме да добиеме покана и очекуваме поволно разрешување за нас на проблемот на 80 милиони долари долг на РМ према Парискиот Клуб, кој што не може да се репрограмира. Кога тоа ќе се случи ќе оди документот на Бордот за заклучување на стенбај аранжманот.,

Во врска со Светската банка вие како пратеници многу ни помогнавте да исполниме еден добар дел од условите. Останувaат уште една до две работи кои што треба да се исполнат за да може да се презентира документот пред Бордот. Еден од условите очекуваме деновиве , а тоа е одвојување на дел од Стопанска банка и приватизација, а во почетокот на април, на 3,4 и 5 ќе ги водиме финалните преговори со Светската банка каде што остануваат уште некој отворени прашања во врска со деловниот простор колку можеме да продадеме во текот на оваа година и уште некои. Јас се надевам дека тогаш ќе ги финализираме и ќе се отвори патот за презентација пред Бордот и за добивање на кредитите од Светската банка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи писмено на другите прашања ќе се одговори.

**ЕШРЕФ АЛИЈУ:**

Одговорот е едноставен. Се осечав многу среќен што присуствував на таа свеченост. Инаку својството ми е член на Претседателството на ПДП и во тоа својство и го поздравив тој чин.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Што се однесува до документите за изградба на објектот во с .Кондово можам да кажам дека целокупната документација до добивање на решение за локација е уредно целосно завршена. Се очекува г-дата да донесе документација за урбанистичка согласност и градежна дозвола. Првиот дел, првата фаза за определување локација во целост е завршена со потребна документација.

IV/7.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Дали може камен темелник и свеченост да се обават пред градежна дозвола и урбанистичка согласност.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Свеченоста и чинот на одбележувањето не се градежна интервенција и тука не е потребна воопшто никаква дозвола.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Г-дине претседателе, г-дине премиере, првото прашање е до Министерството за финансии.

Какво е остварувањето на Буџетот, поточно остварувањето на приходната страна на буџетот за трите месеци од оваа година. Тоа може и по писмен пат.

Второто прашање е до Министерството за стопанство - зошто цената на водата за пиење е под режим на известување а не посредна контрола.

Третото прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Кога ќе се одредат регионални кои таканаречени градски, селски граници на сиромаштија или утврдување на оној минимум потрошувачка што се најавува во 1995 година.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

И покрај тоа што пратеникот бараше писмено, јас можам Информацијата сега усмено да му ја дадам, а ако сака после и пис- мено ќе му дадам.

Нормално, ако одите по линеарен пат дека секое тромесечие треба приходот да се остварува со 25%. Меѓутоа тоа во нашата

историја никогаш не се случило, во првото тромесечие приходите на Буџетот се некаде 14 до 15%. Тоа е случај и оваа година. Значи наместо 25%, колку што би било кога би рачунале линеарно, 15% од планираните приходи за првото тромесече се собрани. Меѓутоа, таа диспропорција редовно се јавувала. Очекуваме со следното тормесечеи приходите да дојдат позабрзани:

**СТОЈАН АНДОВ:**

На другите прашања писмено ќе се одговори.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратнеици, моето прашање е упатено до Министерство за стопанство а се однесува на донесувањето на Законот за стандардизација:

Уште во минатиот состав на Собранието на РМ на својата седница која беше одржана на 17 ноември 1993 година при разгледувањето на Предлогот за донесување на законот за стандардизација го усвои овој предлог за донесување на закон за стандардизација и ја задолжи Владата на РМ да изготви и на тоа Собрание да му достави предлог на закон.

Во РМ досега се применување и се применува согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ Законот за стандардизација на поранешна Југославија со кој беше уреден единствен систем на стандардизација на производите, стоките и услугите кој го опфаќа применувањето и донесувањето на стандардите и прописите, мерките за обезбедување на техничка и конструкциона сигурност и квалитет на производите, стоките и услугите и надзорот на нивното спроведување. Заради ова во РМ со чинот на осамостојувањето

се налага потреба од уредување на овие односи со свој сопствен закон. Моето прашање е следново;

Кога се планира да се вклучи во собраниска процедура Законот за стандардизација бидејќи сведоци сме на хаосот што владее на пазарот на стоки и услуги без правна регулатива во оваа област. Македонија стана голема депонија на стоки со сомнително потекло и квалитет со штос е загрозува и егзистенцијата на сто- панските субјекти, пред налетот на ваква стока без соодветен квалитет и дампинг цена.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-**

Аргументацијата што беше изнесена е сосема на место од аспект на потребата за донесување на овој закон. Јас само би сакал да ја искористам можноста да: го информирам Собранието дека такво закон од страна на Владата беше предложен уште во текот на претходниот состав на Парламентот. За жал тој не ја доживеа судбината да дојде на дневен ред на седница на Собранието.

Во меѓувреме, врз основа на обавестувањето од страна на Собранието дека треба владата да го извести Собранието кои од законите остануваат и понатаму, значи не ги повлекуваме, туку како таков текст остануваат и понатаму во Собраниска процедура Владата тоа го направи и Собранието дефакто веќе го има во својата процедура законот за стандардизација.

Од тој момент натаму динамиката и брзината зависи од собраниските комисии и Собранието во целина.. Владата својот дел на работа го заврши.

V/1 ДВ/ПН

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Имам три прашања на кои барам одговор.

Првото прашање се однесува за средствата уплатени во деловните банки од продадените станови. Сметам дека надлежно Министерство за оваа работа е Министерството за финансии, веројатно и Министерството за правда, или некој друг надлежен орган.

Конкретно прашањето е во следното:Колку средства се реализирани од овие продажби, каква е намената на средствата во Стопанска банка - Скопје или главните филијали, остварени од продажбата на општествените станови. Кога овие средства ќе се вратат на корисниците на становите.

Оваа материја ја регулираат повеќе закони, законите за продажба на оптшествените станоци објавени во "Сл. весник на РМ": број 36 од 1990 година, број 24 од 1992 година и број 62/92 година.

Конкретно, во законот за привремена забрана за приеман на Законот за продажба на станоците во општествена сопственост, "Сл. весник" број 24 од 1992 година, во член 4 стои: "Средствата остварени од продажбата на становите што се водат на посебна сметка во деловната банка, по барање на сопственикот на станот банката е должна веднаш да ги пренесе на сметка на организацијата од каде се внесени". Прашањето е, што со примена на овој член од законот.

Второто прашање е од сферата на образованието, а сметам дека повеќе е за премиерот на Владата.

За кога е планирано донесувањето на законите од сферата на образованието и од кога треба да се применат, конкретно Законот за предучилишно и основно образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование и Законот за организација и работа на Педагошкиот завод на РМ.

Третото прашање е упатено до Министерството за урбанизам, градежништво и екологија.

Како се контролира и каква е состојбата со загрозувањето и загадувањето на водите на Крива Река, растителниот и животински свет, почвата, ораничните површини кои се покриени со прав предизвикани од преработка на олово-цинковата руда во Рудникот "Тораница". Како се применуваат административните законски мерки и техничките средства за регулирање на овие прашања односно какви се наодите по однос на присуството на загадувачите и загрозувачите од овој објект.

Површините кои се наоѓаат во околината на Рудникот покриени се со права, а тој прав содржи разни штетни и отровни материи кои и преку почвата и преку водите стигнуваат не само до растенијата и животните туку и до човекот.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Предлогот за донесување на законот за заштита и унапредување на животната средина и природата беше денеска на дневен ред и мислам дека тоа е тек почеток на донесување на законска регулатива со која ќе се регулираат овие проблеми во сферата на заштитата на животната средина. Тоа не значи дека заштитата на животната средина околу Крива Река не треба да биде на повисоко ниво, но засега законска регулатива во однос на оваа област нема и затоа работите така наликуваат.

На другите прашања г-динот Црвенковски ќе одговори и г-динот Ристовски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Едно од прашањата директно беше упатено до мене иако логично е да беше упатено до министерот за образование. Меѓутоа сеедно.

Се постави прашањето околу законите за образовната сфера, за предучилишно, основно, средно образование и законот за универзитет.

Она што можам да го кажам е дека законите за предучилишно, основно и средно образование се наоѓаат во владина процедура, пред комисиите на Владата. Тоа по вообичаеното темпо на работа во Владата значи дека може веќе дури и во понеделник на првата наредна седница ќе бидат утврдени од страна на Владата. Законот за универзитет е во една, сепак, да кажам, фаза која малку подолго ќе трае и во тој момент ќе бидат упатени во Собранието.

Инаку во вториот дел од прашањето од кога ќе се применуваат, од моментот кога ќе бидат донесени, а од тогаш ќе стапат на сила. Еве тоа е одговорот на прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, на другите прашања писмено ќе се одговори.

Има збор г-динот Благоја Силјановски.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Имам едно прашање до министерот за финансии а тоа е следното:

Кога мисли и дали мисли да го затвори објектот за приредување игри на среќа, наречен бинго, во комплексот "Летница" во Охрид кој веќе 4 месеци работи без одобрение, без плаќање давачки кон државата и за кој има 30-тина пријави од полицијата.

Второто прашање е, зошто Владата не покрене судски спор со Акционерското друштво "Инекс" - Горица во Охрид кое година и половина од прилика издаде под наем објект од Владата, на приватно лице. Се работи за вила во комплексот "Горица III" или во народот ја викаат Вила на Колишевски.

На првото прашање барам писмен одговор, второто како ќе оцените, а третото прашање би го упатил до министерот за култура, но тој не е тука и не би го поставувал.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Во изминатите денови извршена е сериозна контрола на сите места каде се вршат игри на среќа. Извештај од тие контроли се уште немам добиено.

Пратеникот соопшти дека имало повеќе решенија негативни за таа локација. Јас можам да ви кажам дека не дошло до мене. Штом дојдат до мене, а јас ќе побарам да дојдат и ако тие навистина според законот даваат услови за затворање, веднаш штом тоа ќе го констатирам ќе ги затвориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали г-динот Силјановски нема додатно прашање. (нема)

Има збор г-динот Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано Собрание, почитувана Влада, имам три прашања на кои барам да ми се одговори писмено.

Прво, дали во Владата е во разработка некоја варијанта за извлекување на железнички времен терминал за претовар на стоките на територијата на Република Македонија, на потезот Поградец, Република Албанија и Струга. Се чини дека ова е најевтината варијанта земена на потезот Исток - Запад, на Железничката магистрала додека финансиски не ни зајакне државата за целосно поврзување на Кичево со албанската пруга, која што минува само на два-три километри од границата. На плажата Треска, кога минува возот Тирана - Поградец со голо око го гледаат и тоа претставува некоја атракција.

Второ прашање, јавноста неодамна беше запознаена со обновените брутални кражби и уништувањето на имотот во куќите на пограничните населби во струшко, посебно Горна Белица. Овие немили појави се совпаднаа временски со отпуштањето од работа на вработените во МВР, голем број резервисти, милиционери. Граѓаните се очајни и склони се да веруваат дека ова е причина за обновените кражби. Многумина се спремаат дефинитивно да ги напуштат куќите бидејќи овие кражби се повторуваат повеќе пати годишно, се губи сигурноста.

Прашањето е кој мерки се преземаат и дали меѓу мерките кои се преземаат од страна на МВР спаѓаат и враќање барем на дел до резервистите во Милицијата.

Третото прашање се однесува пак околу границата.

На граничниот премин Кафасан, на Македонско - Албанската граница веќе подолго време и после отстранувањето на енормната оптовареност сообраќајна со тешки возила, не е воспоставен патнички сообраќај. Ова прави проблеми и непотребни трошоци и на нашите граѓани и на страни државјани, туристи, кои присилно се упатуваат на преминот Свети Наум. Уште од поодамна на преминот Ќафасан можел секој да помине и со камион и со патничко возило и со велосипед и пешки. Ќафасан е внесен во сите меѓународни карти во светот како меѓународен премин, не само меѓудржавен туку и меѓународен, од што произлегува обврската и на албанската и на македонската страна, несметано да ги пропуштаат намерниците кои сакаат да ја минат границата и со патничко возило. Тоа ќе значи дека не ќе можат пограничните власти и од наша и од албанска страна да го суспендираат автомобилскиот патен сообраќај, посебно сега кога се, реков, отстранети и оние гужби кои постоеја тогаш кога минуваа цистерните на потезот Драч – Македонско - Албанска граница.

Прашањето е што прават надлежните министерства, дали МВР или Министерството за сообраќај за воспоставување на регуларен сообраќаен промет на овој меѓународен и меѓудржавен премин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Црвенковси, претседател на Владата ќе одговори на некои прашања.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Ќе одговориме и писмено, меѓутоа, можеби е добра прилика бидејќи е актуелна темава да се дадат неколку напомени меѓу првата идеа за извлекување на еден терминал, заради близината на железничката пруга Тирана - Подградец, поради близината на македонската граница.

Веројатно и на самиот пратеник што го поставува прашањето му е јасно дека тоа не е трајно решение што во еден временски меѓупростор би помогнал и тоа беше разгледувано од страна на Владата, поготово после воведувањето на блокадата од страна на Грција. Тогаш имавме изготвено елаборати за повеќе варијанти од прилагодување и поспешување на пристаништето во Драч, од создавање на еден терминал за претовар на албанска страна каде што завршува пругата, на најблиска точка, па дури и за извлекување на еден железнички крак на наша територија и тука изградба на еден терминал за претовар, така да би можеле железничкиот сообраќај да го користиме максимално, до самиот влез на нашата граница. Слични елаборати направивме и за бугарската страна.

Во овој момент би кажал само тоа дека сето тоа се има во предвид и во дадена ситуација тоа што е најнеопходно и најпотребно тоа и ќе го направиме, се разбира во рамките на своите можности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На другите прашања ќе добиете писмен одговор.

Има збор г-динот Дане Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, драги колеги.

Јас имам едно прашање до Министерството за стопанство.

Со оглед дека министерот за стопанство не е тука, на прашањето може и во писмена форма да ми се одговори.

Прашањето е следното: Кога ќе се назначи пазаришен инспектор на граничниот премин Деве Баир кај Крива Паланка. Имено, познато е дека во последните неколку години целокупниот извозно- увозен промет се одвива преку овој граничен премин, па како нема пазаришен инспектор увозниците се принудени да бидат изложени на додатни трошоци. Имено, оваа царинска документација не може комплет да се оформи поради немање пазаришен инспектор на самиот граничен премин, така да мора да користат, покрај овие терминалски услуги на Деве Баир, мора да влегуваат и на терминал во внатрешноста на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви биде даден писмен одговор на прашањето.

Има збор г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господа претседатели на Парламент и на Влада, господа пратеници, имам едно прашање и веројатно две до три потпрашања во тоа прашање.

Според моите последни информации состојбата на Дојранското Езеро изгледаа вака: тоа загуби 1/3 од својата водна маса. Според стручните проценки, доколку тој продолжи да губи од својата водна маса со исто темпо како и до сега ќе биде наполно мртво за следниве 3 години. На вас ви е позната ситуацијата зошто е тоа така. Постои еден државен договор меѓу Социјалистичка Република Југославија и Република Грција, според која Грција може врз основа на тој договор да црпи годишно за употреба во својот иригационен систем околу 10

милиони м вода, а според проценката на стручните служби таа понекогаш, во време на сушни периоди оди и до 30 милиони м вода.

Прашањето е, што досега Владата направила да се спречи очигледната смрт на Дојранското Езеро. Дали има можности и на кој начин со каква динамика да ги активира меѓународните институции за спас на тоа езеро, односно да изврши извесна интервенција околу примената на тој договор, затоа што, колку мене ми е познато, тој договор и ден денес е во сила. Барам писмен и документиран одговор од Владата.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. За оваа седница имам две прашања.

Првото прашање се однесува до Министерството за финансии, а се однесува на сивата економија. Стално зборуваме на таа тема, тие што работиме со оваа област, и секојдневно имаме проблеми, по министерствата во подрачните единици има доста луѓе кои не работа1] односно не знаат што со себе, значи има такви инспекции, меѓутоа, до сега нема никаква организирана акција на оваа тема, па затоа јас наоѓајќи се во ваква ситуација да прашам во врска со тоа и прашањето гласи:

Дали може да се изготви оперативна програма за тоа како ќе се реализира а спречувањето на сивата економија во трговијата која е надвор од регуларните канали. Во неа да стои кога ќе почне засилена инспекциска контрола, со кои сили и мерки и кога може да се очекуваат првите резултати.

Второто прашање се однесува за Министерството за труд и социјална политика. Познато ни е дека голем дел во нашата Република мислам на населението прима социјална помош. По доста сугестии од мојот крај мислам од месните заедници се решив да го поставам следното прашање. Прашањето гласи:

Како може лицата кои примаат социјална помош, а се физички и психички здрави и способни за работа да бидат ангажирани во одредени активности, пред се,. во подобрувањето на еколошката средина во која живеат засадување на дрва, озеленување на површините, средување на реките кои поминуваат низ градот и други јавни работи од еколошки аспект. Социјалната помош толку ја намали нивната работна активност на луѓето кои примаат таква социјална помош дури се запоставени сопствените имоти. Ова не само што не е корисно, туку е штетно за

државата, бидејќи една држава која дава толку пари, а да не се работи, мислам дека државата од оваа помош има голема штета, мислам дека е штетна социјалната помош за здравите луѓе отколку корисна. Замислете сите да примаме социјална помош каква држава би било тоа.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Прашањето беше на изглед конкретно и кратко, меѓутоа, само на изглед. Прашањето е крајно неодредено. Неодреден е појмот сива економија и секој во оваа држава веројатно под поимот сива економија разбира нешто друго. Некој под сива економија разбираше недозволена трговија со девизи, други под сива економија разбираа трговија на недозволени места и на недозволен начин. Трети под сива економија разбираа економија која избегава да плаќа данок. Сето ова спаѓа под сива економија. Очигледно дека на таа ширина на поимот сива економија еден значаен одговор нема.

Кога сивата економија ќе се повлече зависи од нешто друго. Кога нормалните текови на економијата ќе успеат до крај да ги подмират потребите на граѓаните. Колку да е сивата економија против законита таа очигледно одговара на некои потреби на граѓаните. На пример, едно време под сива економија се подразбираше трговија со девизи и очигледно беше дека граѓаните имаат потреба да продаваат и купуваат девизи. Во моментот кога вие тоа не го дозволувате тоа станува сива економија. Во моментот кога државата овозможува нормално да се продаваат и купуваат девизи наеднаш таа сива економија не е веќе сива економија, туку регулирана економија. Тоа значи еден дел од сивата економија е резултат на недонесените прописи како што примерот покажува донесениот пропис отстрани еден од најочигледните начини на водење на сивата економија.

VI/3.-

Ако пратеникот мислел на вториот дел тргување на недозволени места, тогаш погрешно е упатено прашањето до министерот за финансии, туку треба да го упати до министерот за стопанство затоа што инспекциите за ова се кај министерот за стопанство и оние рокови кои сакаше да ги слушне во одговор веројатно може оттаму да ги слушне. Она со што Министерството за финансии се бави се даноците и веројатно секој субјект од оваа држава ќе се обиде да плати што помалку данок. Некој во ова лгитимно барање да се плати што помалку данок ја пречекоруваат границата на дозволеното, па се обидуваат да закинат од данокот повеќе отколку што законот му дозволува. Тоа е во нормалната дејност на онаа служба која се бави со прибирање на данок. Со оглед на тоа што таа служба како самостојна служба е формирана минатата година т.е. е одвоена минатата година и дел од своите функции почна од минатата година да ги обезбедува јас сум крајно задоволен со досегашните успеси кои ги постигнавме. Меѓутоа, целта ни е фактички да избегнеме секакво одбегнување од плаќање на данок. Тоа ќе го направиме со неколку мерки. Едната мерка од нив е натамошното подобрување на законите кои ќе овозможат полесна контрола и рационална концентрација на службите навистина на оние пунктови каде што непочитувањето на прописите значи сериозна штета и нарушување на законитоста.-

Јас ве уверувам дека имаме еден постојан пораст на наплатата, тоа можат да го покажат минатогодишните резултати јас се надевам оваа година, не се надевам, туку работиме активно на тоа тие резултати оваа година да бидат уште поголеми, меѓутоа, тоа е одговор само кај даноците а ако мислите за трговијата на недозволени места, на недозволен начин, прашањето треба да го упатите до министерот за стопанство.

VI/4.-

**МИРКО ПЕЦОВ :**

За да има корист од прашањето јас би го прецизирал дека се работи за трговија и барам писмен одговор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитувани, да го вработиме малку и министерот за одбрана, прашањето е УНПРОФОР со своите активности кои ги обавува во Републиката поточно во општината Карпош со своите активности нанесува штети. Штетите се конкретно на патиштата кои ги користи до своите точки на опсервирање каде што со тешките возила, возила со гусеници и тешки транспортери прави огромни штети на локалната патна мрежа.

Прашањето е кој ќе ги надомести штетите кои настануваат не само на патиштата, туку и на имотите, дали за тоа е задолжен УПРОФОР или до колку не е УНПРОФОР дали е Владата на Република, Македонија бидејќи општината не располага со средства со ваков вид са- нација на патиштата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи министерот не е тука писмено да му се одговори на пратеникот.

Има збор пратеникот Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитувана Владо, дами и господа пратеници. Прашањето го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопа- нство Како што ни е познато се изготвува проект за поддршка на при- ватни фарми. Тој проект најверојатно го подготвуваше Министерството за земјоделие во соработка со ФАО и Светската банка. Тежината на тој проект по мое сознание, е некаде од 22 до 24 милиони долари. По мое сознание од предвидените средства еден дел или речено една третина би требало да бидат наменети за инвестиција за индивидуалниот сектор. Поради заинтересираноста на индивидуалните производители односно индивидуалниот сектор го поставувам следното прашање:

VI/5.-

Во која фаза на изготвуваше е проектот, односно кога ќе биде неговата операционализација, кој е главниот дистрибутер, кој средствата ќе ги доставува до крајните корисници и кога би се јавиле како баратели индивидуалните корисници и каква документација треба да прибават. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АВДОВ:**

На прашањето ќе одговори министерот за развој г-дин Жута.

**БЕКИР ЖУТ'А:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со поставеното прашање следи следниот одговор.

Преговорите со ФАО кои се одпочнати уште во 1994 година се во некоја завршна фаза која најавува успешни преговори во тој поглед и тој договор се очекува некаде кон крајот на првото полугодие од 1995 година да биде склучен до висина од 22 милиони долари. Од страна на Владата е обезбедена противвредност која е условена од нивна страна како учество од страна на Републиката за да може да се искористи тој кредит така што и тој дел од проблемот е разрешен. Меѓутоа, се уште не се ефектуирани во вид на договор освен во овие денови е во тек одреден аванс кој треба да оди во функција на подготовките и откако ќе се склучи тој договор, инаку целиот ќе биде наменет за сточарски фарми во индивидуална сопственост, Министерството за земјоделие веројатно заедно со надлежните министерства ќе ги опре- делуваат намените, ќе ги утврдуваат условите и ќе утврдат одредена банка која во име и за сметка на државата ќе ги реализира тие кредити, .за да објави конкурс за да лицитираат заинтересираните. Целата работа ќе треба да оди врз база на проекти за тие фарми, а давателот на кредитот се определува да пушти свои референти за да ја контроли- рат намената, а не на друг начин да се пласираат средствата.

VI/6.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги пратеници. Јас имам три прашања. Двете прашања се до министерот за земјоделие, но бидејќи не е тука министерот може во писмена форма да ми одговори на наредната сеница.

На минатата седница поставив прашање кога Законот за задругарство ќе се донесе. Не добив одговор, па го поставувам истото прашање повторно.

Второ прашање, со формирањето на земјоделските комбинати во РМ задружниот имот влезе во комбинатите. Тој задружен имот дали и кога ќе им се поврати на задругите. Тоа е барање на повеќе задругари.

Трето прашање во десетина населени места во општина Битола е во ек на поставување на телефонски броеви. Заинтересираните прашуваат, а ги има некаде над 1000 и повеќе домаќинства, дали има можност од заробените девизи доплатат. Тој износ не е за потценување некаде над милион марки и повеќе. Знаеме дека телекомуникацијата, барем на минатата седница на Собранието кредитите што ги одобривме сепак се поволни и најверојатно повеќе заинтересирани ќе се јават кои ќе поставуваат телефони, а тоа за поштата ќе претставува извор за остварување на приходи.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашањето е до министерот за правда. На средбата што пред некој ден пратениците од Битола ја имаа со Здружението на стечајните работници беше констатирано дека добар дел од стечајните управници од поодделни фирми кои отидоа под стечај во минатото биле и директори на фирми во кои имало проблеми во работењето дури и довеле поодделни фирми под стечај. Прашањето гласи:

VI/7.-

По кои критериуми Окружниот стопански суд ги назначува односно ги избира стечајните управници во претпријатијата кои отишле под стечај?

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Јас сум навистина во дилема дали да го поставам ова прашање бидејќи се однесува до Министерството за земјоделие, а министерот не е тука. Повод да го поставам ова прашање е тоа што не сум задоволен од писмениот одговор на прашањето што го постави на последната седница кога поставувавме пратенички прашања. Се однесуваше на статусот на водостопанските претпријатија и одговорот воопшто не задоволува, претставува една голема формалност далеку од суштината и не ги поставил сега првото прашање туку би поставил едно потпрашање до Владата на РМ.

На што се должи немотивираноста на Владата на РМ да ги пред ложи законите во рамките на кои ќе се дефинира статусот на овие претпријатија, на водостопанските, шумските претпријатија, комуналните претпријатија, локалните радиостаници каде навистина постои една хаотична ситуација кои се државни само тогаш кога треба да користат одредени бенефиции од државата, а се независни кога треба државата да уредува одредени работи кај нив.

Второто прашање исто така се однесува до министерот за земјоделие, на ова прашање може писмено да се одговори, дали Министерството за земјоделие има увид во тоа колку парични средства се прибираат на граничните премини од вршење на дезинфекција на вози- лата од страна на ветеринарните служби и за што се користат тие средства.?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука, па треба да одговорите писмено.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас имам три кратки прашања. Првото се однесува на тоа дали со закон или одлука е одредено правото на работа на ноќните локали и ако е кој е надлежен тоа да го контролира?

Второ, кој ги одредува во нормативите ми се чини на член 53, од Законот за царини, што се подразбира под опрема, што под потрошен материјал, бидејќи за едните се плаќа некаде околу 1% а за другите околу 50% данок. На пример. Брусалица за острење на прибор за бушење се третира како опрема, а на сите ни е познато дека е тоа навистина алат, односно помошен алат во рударството. Секој цариник му дава на овој член свое толкување што е опрема што прибор или гумите за утоварачите. Тие што се до 24 цола подлежат на царинење, а тие преку 24 цола не. И трето прашање, на територијата на општина Делчево се засадени борови и багремови насади од водостопанската организација Брегалница од општина Кочани. Сега кога насадите стасаа за експлоатација се појавуваат газди двете општини, а сопствениците на чии ниви се засадени се оштетени. Која е состојбата?

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Околу користењето на повластени услови за увоз, прво тие можат да се даваат само доколку претходно она Собрание ги утврдува стоките за кои што е можно да се даваат такви повластени услови ние ги викаме тие што во царинската тарифа се означени со една ѕвездичка. Значи за тие стоки е можно да се донесуваат и посебни поволни услови. Поповолните услови ги донесува Владата, на Владата и ги предлага Министерството за финансии, меѓутоа, тоа мислење е базирано врз база

на мислењето од работна група која што е составена од повеќе министерства, земјоделие,здравство, стопанство тн. Што значи за Вашето конкретно прашање мислењето каде треба и како што треба да се третираат брусалиците или гумите итн. мислењето го дава Министерството за стопанство. Ако од чиста фискална или царинска политика е во согласност со Законот, тогаш Министерството за финансии го поддржува и тогаш Владата дава дозвола. Меѓутоа, толкување каде, кој тип дава Министерството за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На другите прашања ќе се одговори писмено.,

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ;**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам четири прашања. Првото е до министерот за сообраќај, господинот Бузлевски. Со одлуката на ЖТП деловниот воз Пелагонија експрес од 27 треба да престане да сообраќа. Прашувам: Како може еден воз кој сообраќа повеќе од 25 години каде што и работниците ги пренесуваше до своите работни места и факултетите од Прилеп до Скопје денеска да не биде економски оправдан. Едноставно прашувам дали може возот кој што е во 0,3 часот економски оправдан, а тој останува, а овој воз што и студентите и деловните луѓе ги донесува до местото може да престане така едноставно. Тоа зборува за непостоење на традиција, за не негување на некои навики и уште еден проблем после доделувањето на едни мали средства за патниот правец Бабуна,едноставно како да си поигруваме со еден регион и како да сакаме да: предизвикаме некакви поинакви видувања. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за финансии Миљоски, мене ме интересира дали постои некој редослед за празнење на буџетот по ресорните министерства и дали случајно секогаш на последното место е Министерството за култура. Како образложение би кажал дека во текот на јануари и февруари се доделени минимални средства од предвидените, а во текот на март не се доделени, така што некој институции се наоѓаат на прагот да ги затворат вратите и едноставно да престанат со работа.

Третото и четвртото прашање е до министерот за култура, господинот Ештреф Алиу, би прашал бидејќи за овие четири години а веќе и петта година не постојат критериуми врз кои се финансираат институциите на културата, за тоа потврда е и една дискусија сега кога министерот кажа дека некој институции сигурно оправдано им се зголемени средствата за 70%, а на некои институции им се намалени до 50%. Ако не постојат критериуми, тоа значи импровизација. Јас знам дека е тоа со најдобра намера, меѓутоа, барам брзо изготвување и донесуваше правилник, бидејќи Законот за јавните служби од кој ќе произлезе Законот за култура и другите акти од ова министерство, тоа едноставно нема така брзо да дојде, барам регулатива како се финансираат, тоа под брза и итна постапка да дојде и четврто прашање од кој средства определените со одлука, донесени одлуки за финансирање на институциите кој што не беа ревидирани во 1994 година, дали ќе паднат на товар на средствата од 1995 година. Ако е тоа така отвара уште еден проблем, ако не го поставувам тоа прашање во контекст на оние пет минати прашања за кои што не сакава да кажам дека само ги лоцираат и ги потврдуваат моите констатации кои се донесени од Владата и кои се покриени со законска регулатива за кои што нема средства, а сигурно не се наведуваат причините и изворите од каде ќе се најдат средства тие да не паднат на товар на овие мали

средства кои се наменети за ова министерство.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Прашањето што беше поставено беше прво по кој ред се празни буџетот за одредени министерства и вториот дел од прашањето зошто Министерството за култура е на последно место.

Прво, празнењето на буџетот за поедини министерства се прави според најавените потреби, обидувајќи се да минимизираме што се. Тоа значи обидувајќи се да спречиме негативни последици во некоја област. Тоа значи не се добиваат редовно толку и толку месечно туку според извршените трошоци тие се плаќаат, меѓутоа, според некоја динамика недостатокот на средствата, а преголемите барања на некој начин да се усогласат.

По второто прашање зошто Министерството за култура е на последно место, прашањето е прашање меѓутоа и тврдење. Тврдењето не е вистинито. Мене ми е жал зошто на говорница се шират невистинити тврдења. Имено, фактот е дека Министерството за култура е на прво место иако ме прашате од кои причини, многу тешко ќе можам да ви објаснам зошто културата треба да има повеќе, отколку на пример загубарите зошто треба да има повеќе отколку сите овие што се во проблеми. Можеби зад невистинитото тврдење и зад така поставеното прашање постои еден став дека културата би морала да биде најмило чедо на државата која што со изобилни буџетски средства, ќе ги остварува сите замислени:.идеи на културните работници. Меѓутоа, мене ми се чини дека живееме во држава во која што приватизацијата е основна филозофија и тоа што меѓу другото поаѓа од тоа што и културата треба во голема сметка да се сврти кон пазарот и врз база на тоа што ќе успее да го добие од своите консументи да ги добие средствата за својата асоцијација. За еден ваков мал пазар не е можно

се да се оствари преку пазарна ориентација и тогаш може буџетот ефикасно да помогне, смалувајќи го товарот на културните дејности. Меѓутоа, ако културните дејности исклучиво чекаат од буџетот, јас не верувам дека ќе има буџет кој што ќе ги покрие сите потреби.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Најмалку сакам да говорницата да ширам дезинформации. На вчерашната седница на првата седница на Комисијата за култура претставникот на Министерството за култура г-дин заменик Бојчевски изјави дека. за програмата на Министерството за култура во месец јануари се издвоени само 6 милиони, во месец февруари 8, а за месец март не се доделени и тоа доволно мислам кажува за 250 институции колку се тие средства. Ако се тие најголемата бројка и на прво место избива културата, тогаш не знам што станува со другите министерства. Тоа е едниот дел на прашањето. Вториот дел што господинот Миљоски, почитуваниот министер, не би сакал на говорницата да зборувам околу тоа, тоа е една дебата за која што можеме да разговараме на тема на културата, дали треба да биде пазарна или не знам што, се согласувам дека има и од таа страна вистина, меѓутоа, така фрлање на нараквицата и делење на некои лекции мислам дека не би требало од овде да бидат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ви укажам ние имаме пратенички прашања и одговори. Затоа министрите ги молам да не даваат карактеристика на прашањето, туку доколку можат да одговорат, да одговорат и пратениците да не одат во полемики овде ако имаат дополнителни прашања да кажат дополнителни прашања, ако не да не одат во полемики додека сме на пратенички прашања. Ако по некое прашање заради тоа што не е

задоволен пратеникот побара да се води расправа и Собранието одлучи да се води расправа, тогаш може по расправа да учествуваме и тие тоа што го покренале и членови на влада итн. Инаку ќе го изместиме редоследот на институцијата.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Само податоците не знам дали ги кажав, просечното празнење на буџетот во изминатите три месеци е 14%, а за културата е 16,5%, тоа значи над другите министерства. Тоа значи дека средствата за културата се мали, меѓутоа, степенот на исполнување на буџетот кај културата е поголем отколку кај другите министерства.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Има уште еден податок кој говори дека сите средства на Министерството за култура одат само за лични доходи. И затоа е ваков тој процент бидејќи 16% ги задоволува потребите на личните доходи, а другото од финансирањето на дејности и материјални трошоци е мала стапката за која што говорев, меѓутоа, минатиот пат министерот Миљоски ми одговори дека се што било барано од претходниот министер било задоволено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа ви велам не водиме расправа по тоа. Ако има некој проблем може да се постави проблемот на буџетот, има ребаланс и така натаму, не на овој начин.,.

На другите прашања на господинот Стефановски, ќе се одговори писмено.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе поставам три прашања, две до министерот за правда и едно до министерот за здравство.

Во месец јануари оваа година престана мандатот на претседателите на општинските собранија. Прашањето е од правен аспект каков е нивниот натамошен статус.

Второто прашање се однесува исто до Министерството за правда дали може да биде наименувано лице за стечаен управник, ако претходно биде раководител во фирма. Имавме пример во Кичево каде што лице е наименувано за стечаен управник, а претходно бил раководител во таа фирма.

И третото прашање до Министерството за здравство е дали постои реална можност за планирање на средства во ова министерство за продолжување на започнатата инвестиција во Кичево, тоа е здравствениот дом, тој:е започнат 1990 година, фаза на изграденост 44%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министрите ќе одговорат писмено.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Моето прашање го упатувам до Владата, бидејќи: веројатно допира обврски на три министерства, Министерството за правда, Министерството за градежништво и урбанизам и веројатно Министерството за финансии.

Прашањето гласи: Дали постои и ако постои зошто постои правен вакум во законската регулатива што ја третира работата на јавните

претпријатија од комуналната сфера. Што планира да преземе Владата за средување на неповолните состојби во оваа област и бидејќи се работи за јавни претпријатија како државата ги утврдува минималните стандарди по кој треба да работат овие претпријатија и на тој начин учествува во управувањето во јавните претпријатија. Како јавните претпријатија кои произлегоа од поранешното претпријатие Комуналец, тоа се однесува на Скопје, а тие се Комунална хигиена, Паркови и зеленило, Водовод и канализација и Улици и патишта ги поднесуваат своите завршни сметки до надлежните органи ако не се регистрирани во Окружниот стопански суд како правни субјекти. Образложението би било следно. Сведоци сме на низа проблеми во функционирањето на јавните претпријатија, посебно од комуналната сфера во Скопје, Битола, Прилеп и други градови, поради тоа што дел од надлежностите на Собранието на општините и Собранието на град Скопје во однос на минатиот систем јавните претпријатија пројавија висок степен на непослушност кон своите основачи.

Доколку општинските собранија и Собранието на град Скопје ги изгубија своите надлежности кон јавните претпријатија, тоа значи дека мора истите да ги преземе државата преку некој свој органи. Се случи на пример поранешното јавно претпријатие Комуналец да се трансформира во четири јавни претпријатија, кој претходно ги наведов Комунална хигиена, Паркови и зеленило, Водовод и канализација и Улици и патишта без согласност на основачот во случајот Собранието на град Скопје и без ничија согласност.

**БЕЌИР ЖУТА:**

На поставеното прашање следниот одговор. Собранието на 15-та седница го утврди Предлогот за донесување на закон за трговските друштва, тоа беше и основен системски закон кој ги отвара просторот за

јавните претпријатија. Тој предлог за донесување на закон за јавни претпријатија наскоро Владата го презентира на расправа пред Собранието. На база на тој закон за јавните претпријатија следат предлозите на закон за одредените области кои не можеа до сега да бидат предложени, затоа што не беа предложени овие два системски закони. Проблемите стојат отворени така како што беа изнесени, но овие беа причините и сега на овој начин се смета да се предлагаат законските решенија од системска природа кој ќе овозможат од одредени области законите да се предлагаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Гоцевски бара писмен одговор.

Има збор господинот Ѓорѓиев.

**ДРАГАН ГОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас имам само две кратки прашања.

Првото е, до каде е најдено со подготвителните работи и со почнувањето на проширувањето на граничниот премин на местото кај Ново Село на Македонско - бугарската граница.

Второ, прашањето е упатено до Министерот за култура , а се однесува на следново - каков е статусот на културно просветните заедници, ако се има предвид дека од почетокот на годината тие добиваат средства за материјални трошоци, додека за активности односно за дејности што ги обавуваат не добиваат никакви средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Во врска со изградбата на граничниот премин Ново Село, можам да кажам дека документацијата се наоѓа во завршна фаза, се очекува многу брзо во временски период од не полн месец:да отпочнат активности во изградбата на сообраќајната инфраструктура, посебно на самиот граничен јазол и посебно на изградбата на терминалот што е во непосредна близина. Затоа се прават посебни подготвителни работи во сферата на имотно - правниот дел каде што се почнува со процесот на експропријација на имотите што се на тоа подрачје, и најскоро за неполн месец ќе почне и самата изградба на тој терминал.

VIII/2.-

Инаку да кажам поголемиот дел од финансиските с се веќе обезбедени и се чека само реализација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори на другото прашање.

Има збор господинот Ристовски.

**МИТКО РИСТОВСКИ:**

Почитувани пратеници имам едно кратко прашаше до Владата на РМ. Веќе поминаа повеќе од три години откако бегалците од Република Македонија се населени во туристичката населба "Царина" а нив ги има повеќе, и нивниот статус се уште не е решен. Барам писмено Владата да одговори на прашањето - што презема Владата за бегалците во Република Македонија во смисла на надминување на проблемите што се секојдневие а истовремено решавање и на нивниот статус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На прашањето ќе се одговори писмено.

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имам неколку прашања.

Прво, до Министерството за финансии и тоа се: Со процесот на санацијата, реорганизација и приватизација на Стопанска банка се преземаат активности, особено во делот на санацијата . Кај должниците се категоризираат се врши категоризација во зависност од степенот на нивната апсолвентност. Таа категоризација колку што сум запознат започнува од организациониот дел на банката, всушност, главна филијала - филијала, па после тоа во Централната банка се прави проценка, а дополнително во Народната банка на Македонија се прави нова проценка односно категоризација.

Имам сознанија дека се прават посебни корекции во сите овие фази кај едни исти субјекти. На пример во А.Д.Југотутун Демир Хисар во споредба со А.Д Југотутун - Битола, кој што во почетната фаза беа во иста фаза, за да во крајната категоризација да се направи разлика. Тоа значи едното А.Д.да биде санирано од банката, од деловната банка, додека другото А.Д да го санира агенцијата за санација на банките.

Прашувам кои се причините и мотивите за вака, би рекол субјективна различна категоризација на ризичноста на две исто- родни акционерски друштва и по дејност и по обврски.

На прашањето барам да се одговори писмено со оглед на податоците кои веројатно не се достапни во овој момент за Министерството.

Второто прашање е до министерството за стопанство.

Според член 68 од Уставот на РМ и член 40 од "Закононот за стокови резерви, за резервите на Република Македонија однос но на државата одлучува Собранието на РМ. Според истите одредби субјектите надлежни за стоковните резерви на државата се должни во тековната година финансискиот план и програмата за стоковни резерви да ги презентираат пред Собранието на Република Македонија а исто така и завршните сметки и извештаите за располагањето со Стоковните резерви за тековната година.

За годините 1992, 1993 и 1994 не е стигнат извештај до Собранието за сите овие уставни законски обврски што произлегуваат од Собранието, иако се работи за позамашен износ на издвојуваше на буџетски средства, од некаде околу над 130 милиони германски марки, само за овие три години.

Прашувам дали надлежното министерство има намера за овие три години да достави извештај според сите овие закон- ски и уставни обврски пред Собранието на РМ. На прашањето барам да биде писмено одговорено или ако некој од министрите е во тек и е присутен да можат да дадат и усмен одговор.

Третото прашаше е до Министерството за урбанизам и градежништво. Во општината Демир Хисар согласно планот за фотогеоментриско снимање во тек се подготовки за дел на катастарските општини за изведување на таа акција. Претходниве денови присутна е масовна појава што добар дел од граѓаните почнуваат бесправна градба во Центарот на општина Демир Хисар, поттикнати од некои:;службеници на катастарската управа дека на таков начин ќе можат тие бесправни градби да ги легализираат.

Прашувам што мисли Министерството да преземе со оглед на тоа што се работи за раширена појава во последниве две недели и што ќе преземе за ефикасно сузбивање на оваа масовна појава.

Четвртото прашање е до Министерството за здравство и социјална политика односно до министерот. Што ќе преземе Министерството за здравство со оглед на тоа што мандатот на директорот на здравствениот дом во Демир Хисар одамна е изминат, а тој понатаму ја обавува вон право својата функција, а притоа ниту управниот одбор ниту другите надлежни органи реагираат на таквата состој ба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНОДОВСКИ:**

Во општина Демир Хисар без разлика дали е процесот на снимаше на земјиштето во тек или при крај, објектите кои се градат се бесправно изградени објекти и спрема истите луѓе кои веќе се обиделе да ги градат

своите домови на ваков начин ќе бидат преземени мерки според важечките законски прописи, значи уривање на истите започнати диви градби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Иако пратеникот бараше да се одговори писмено јас сакам да одговорам усмено, делумно можам да одговорам усмено за да може евентуално да се допрецизира прашањето. Агенцијата не санира ниту еден комбинат. Ние имаме Агенција за санација на банките. Тоа значи санација на банки, може би а јас можеби прашањето грешно го разбрав. Затоа излегов и да одговорам зошто беше спомнато санација на комбинат.

Е, сега што се однесува до категоризацијата. Категоризацијата се врши врз пласманите на средствата т.е. се оценува кои средства на банката се добро пласирани, па оние за кои што има шанса брзо да се вратат, се оценуваат со највисока оценка. За оние за кои што шансите за враќање се нешто послаби добиваат категоризација Б, така што на дното на скалата се оние обврски т.е. оние кредити што банката ги дала а немаат скоро никаква шанса да бидат вратени. Една категоризација речиси на скоро сите кредити што се дадени од поодделни филијали на Стопанска банка во Македонија се извршени од меѓународни куќи. Тоа значи за секоја поединечна филијала има точна категоризација кои заеми се во А, кои во Б, кои во Ц, Д и Во Е. За целата Стопанска банка тоа е направено од Меѓународната призната куќа "Де Лојд Туш".

VIII/6.-

За промената на критериумите што е во А, Б или Ц, сме потполно јасни и нема никакво сомневање и никакво менување на критериумите. На пример тие што беа во Е, каде што нема да бидат пратени парите, во Д ќе бидат оние што имаат 70 % веројатност да не бидат вратени. Кај другата категорија оние што имаат поло- вина можност од тие кредити да бидат пратени со 50% итн.

Очигледно е дека волонтаризам околу класификацијата не може да има. Меѓутоа, може да има разлика во тоа како се оценува веројатноста за враќаше на одреден заем. И сега, ако во еден момент е направена класификација на заемите според нивниот квалитет, може после еден или два месеца, таа оценка да биде изменета, заради тоа што поради изменети стопански услови евентуално предизвикува и промена на категоризацијата.

На крајот Народната банка како одговорна институција за контрола на работата на банкарскиот систем е во состојба да прифати или не прифати одредена категоризација, и тука може да настанат разлики во тоа дали поедината филијала оценила дека нејзиниот кредит е квалитетен, а Народната банка таа оценка не ја прифаќа заради тоа што има сознанија дека има некои губитоци, дека е неликвиден, дека нема зделки итн. Тоа значи волонтаризам генерално тука не може да има. Се работи со строги критериуми а може да се менуваат времето и условите во кои што се врши категоризацијата.

Што се однесува до конкретните две претпријатија, ние сме спремни по писмен пат да испитаме и да му одговориме на пратеникот. Меѓутоа, ако од мојот одговор има знаци дека може би погрешно сме се разбрале, јас предлагам во директен контакт да расчистиме каде се евентуално недоразбирањата.

VIII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

На другите прашања ќе се одговори писмено.

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници, почитувани членови на Влада што се присутни.

Како прво имам една генерална забелешка дека не сум задоволен од третманот на прашањата што се има во Владата. Наиме, јас барем имам таков впечаток дека се прави биде само да се од- говори, без да се навлезе во прашањето и да се извлечат некои заклучоци или конкретни дејствија да предизвикаат нашите пратенички прашања. Тоа ќе го аргументирам со одговорот што ми е даден од Министерот за правда кој моментално не е тука, на прашањето околу случајот "паравојска" и објавувањето на обвинителните акти, доби- вам одговор дека Министерството не е надлежно и не располага со податоци за тоа што е сторено таму. Тоа е еден одговор што навистина може би е така, тие немаат информации, но зачудува фактот дека воопшто не се потрудиле да достават некои информации за ова што е поставено како прашање. Инаку, дека тие немаат информации, многу лесно може да се каже. затоа јас уште еднаш поставувам прашање и барам да ми се одговори барем до кого да го поставам прашањето за да знам од кого да очекувам одговор, а по однос на прашањето што го поставив на минатата седница.

И второто прашање е до Владата односно до министерството за финансии, односно до тој што треба да ја реализира законската обврска за покривање на трошоците односно изборните трошоци по распоредот што е направен од Републичката изборна Комисија. И тука имам едно прашање до партиите што коалицираат во Сојузот, дали тие немаат

никакви финансиски проблеми, па воопшто не мислат да ја реализираат оваа обврска и добро би било да ни се посочи и на нас другите како ги решаваат финансиски проблеми што ги имаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи за првото прашање во Владата нека се проучи кој е надлежен да му одговори на г-динот Таири, а второто прашање нема основа бидејќи овде не се поставуваат прашања на партии. Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас сакам пратенички да го прашам г-динот Благој Ханџиски, дали е тој министер за одбрана или кадровик по општините конкретно за именување на стечајни управници на пример во Кавадарци. Која е изворната надлежност на Благој Ханџиски како министер да посредува со условувања и наредувања на стечајниот судија во Окружен стопански суд Стефка Чесноска.

Трето прашање како ќе ја оправда Благој Ханџиски како министер, заложбата на Владата за независно и самостојно судство, кога фактички со личен пример делува спротивно.

За претседателот на Републичкиот судски совет: Дали има сознанија или ако нема, дали може да се информира за околностите и моментите од работата на стечајниот судија Стефка Чесноска со водењето на некои најнови стечајни постапки на претпријатија од Кавадарци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Ханџиски.

VIII/9.-

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Колегата, пратеникот Минов, сам одговори повеќе од половина на своето прашање, затоа што знае кои се ингеренциите на министерот за одбрана. Ниту го знам случајот за стечајот во Кавадарци, ниту ја познавам судијката, ниту имам таму ингеренции, ниту има што да одговарам за тој дел од неговото прашање. Ако го интересира кои се ингеренциите на министерот за одбрана, а така го постави прашањето, на тоа можам да му одговорам и сега усно, но и писмено.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Барам псимен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се бара писмен одговор. Има збор господин Трпеноски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитуван претседателе, драги:колеги, познато е дека 12%;од популацијата се социјални групи.

Прашањето го поставувам до Министерот за труд со следнава содржина:

- Која е основицата и кој е процентот врз кој се врши издвојување на средства од оваа групација за здравствена заштита.

Второ, до Министерството за труд - бидејќи знаеме дека бројката на невработени изнесува 27% од популацијата, ме интересира која е основицата и кој е процентот што се издвојува за невработените за укажување на здравствена заштита.

И Третото прашање пак до Министерството за труд - кога има намера да го пушти во процедура Законот за вработување, заради тоа што сметам дека истиот е актуелен, поради тоа што сегашниот има

бројни празнини, а е и атрактивен за одредени работи, меѓу тоа штитен за државата. Ова, затоа што според одредбите на овој закон многу се регистрирани во Заводот за вработување како невработени за да можат да се користат со одредени права поконкратно со права за здравствена заштита.

Третото прашање е покомплексно и е до Владата, се однесува на проблематиката од Министерството за здравство.

Имено, по укинувањето на картите за осигурување, на граѓаните им останаа само здравствените легитимации. Со оглед на тоа дека сме во транзиција и знаеме дека одредени работни организации се веќе ликвидирани, приватни или општествени, некои се во стечај, така што луѓето ја поседуваат здравствената легитимација и само неа, а не се исполнува обврската на здравствено осигурување, односно во фискусот на приходниот дел на фондот за здравствено осигурување имаме дефект што како последица има фискална компресија на Фондот на здравствено осигурување и нагризување намалување на материјалната основа на овој многу важен систем - здравствениот систем.

Ако ова прашање се остави отворено, неразрешено, подолг период, мислам дека се наоѓаме во предворјето на распаѓање на системот и мислам дека ова прашање е покомплексно и барам Владата да одговори како ќе ја разреши оваа проблематика. Бидејќи сега имаме бројни модели на сива економија, би рекол и овде како да имаме сива економија. Доволно е да поседуваш здравствена легитимација, ништо да не плаќаш а да добиваш здравствено осигурување.

IX/1.-JM/МЛ

**РИАТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по Програмата ФАРЕ на Република Македонија и е одобрен кредит во нафта и нафтени деривати. Истата делумно се реализира од страна на стопанските претпријатија и Топлификација. Прашањето е до Министерството за стопанство, зошто во овој дел не се вклучени индивидуалните земјоделци? Сега е во ек пролетната сеидба, мислам дека ако на некого му е потребно, потребно им е нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Прво прашање што сакам да го поставам, ме интересира по која цена ќе ги плаќа нафтените деривати, односно мазутот од Програмата ФАРЕ Топлификација од Скопје. Ова прашање го поставувам од следниве причини. Со последното поскапување на цената на електричната енергија најпогодени се оние општини и градови кои што немаат топлификација, односно централно греење. Сега уште повеќе се погодени по тоа што Топлификација на Град Скопје ќе ги има и тоа по уште поевтини цени.

Го поставувам прашањето дали со ова не се ставаат останатите општини во Македонија во подредена состојба?

Второто прашање што сакам да го поставам до Министерството за правда. Врз основа на кои критериуми одредуваат стечајни управници, пензионери и еден стечаен управник да биде на две претпријатија и тоа не се работи за претпријатија приватни кои што се со еден, или двајца вработени, туку претпријатија од 200 и повеќе вработени. Дали со тоа стечајот не се сфаќа само како една техничка активност.

IX/2.-

Трето прашање до министерот за сообраќај и урбанизам, дали се планира поврзување на патот Прилеп – Битола - Охрид со магистралниот пат за Грција, односно изградбата на таканаречената "железничка улица", бидејќи моментално тие два пата се неповрзани, треба низ улиците на Битола да се минува за тој правец.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Јас ќе одговорам на оној дел од прашашето кое се оден- сува за Програмата ФАРЕ и помошта во вид на нафта и нафтени дери- вати.

Прво, условите кои се утврдуваат за тој пласман се со дисконт од 20%, тоа е попустот, пласманот е безкаматен, обврска за враќање за оние кои имаат обврска за враќање е на три рати после три месеци откако ќе се пласираат нафтените деривати кај крајните корисници. Притоа има изземање кај сите здравствени установи, школски установи, детски установи, пласманите на нафтените деривати кои се вршат од Програмата ФАРЕ се неповратни. И за тоа се прават нови програми, треба да се прават нови програми со Министерството за здравство, со Министерството за образование, физичка кул- тура, со Министерството за труд и социјална политика за определени пренамени за оној дел на средствата кои се неповратни пласирани во тие институции. Така што и Топлификација во Скопје добива одредени количини на предлог на Министерството за стопанство, исто така под услови како што ги добиваат другите стопанственици со дисконт од 20% на три рати да го враќа без камата како што и сите ги враќаат оние што подлежат на обврската за враќање за да се препласираат тие средства пак кај други корисници.

IX/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За другите прашања писмено ќе се одговори.

Дали има уште пратенички прашања? Не.

Прво, сакам да објаснам за постапката околу пратеничките прашања. Нам овој пат ни се јавија неколку пратеници кои порано поставиле прашања и добиле одговор. Не реагираа кога јас прашав дека Владата доставила одговор и дали имате некои дополнителни прашања, или некој коментар, задоволство, незадоволство, туку после како нови прашања доаѓаат да постават и едноставно не знаат дали да ги постават и како да ги постават. Таа нивна дилема би можела да биде расправена во првиот дел кога велиме ние дека Владата, ве известувам Владата што одговорила на повеќе поставените прашања. Затоа поставувањето на прашањата се одвива во два дела.

Првиот дел се осврнуваме на оние прашања кои на претходната седница и меѓу двете седници се доставени, или на седниците, или писмено и Владата веќе одговорила писмено и кој е вашиот коментар и сите пратеници ги читаме кои добиле таков одговор. Вториот дел е поставување на прашања.

Ве^молам, понатаму за оваа постапка да водите сметка и да овозможите да се држиме до неа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,05 часот).